ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за планирање и уредување на просторот

ПРЕТСТАВНИК: Раководител / Помошник раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот

ПОВЕРЕНИК: Претставник од Сектор за планирање и уредување на просторот

# П Р Е Д Л О Г О Д Л У К А

за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на основно училиште

Скопје, јули 2024 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), а во врска со член 59 став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), Советот на Град Скопје на ________________ седница, одржана на ___ јули 2024 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на основно училиште

### Член 1

Со оваа Одлука инвеститорот Општина Гази Баба во Скопје се ослободува од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на објект О.У. „Крсте Мисирков“, според ДУП за дел од У.З. Крсте Мисирков, Блок 1, со намена В1-основно образование, Г.П.1.51, на ул. „Среќко Пужалка“ б.б., КП 2117/1, КО Сингелиќ 1, во општина Гази Баба, со средства во износ од 1.441.888,00 денари, за бруто корисна површина од 2.812,56 м2 или нето наплатна површина од 322,00 м2.

Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на инвеститорот.

### Член 2

Средствата од член 1 став 1 на оваа Одлука претставуваат дел од вкупниот надоместок за уредување на градежното земјиште во висина од 60% наменет за Град Скопје.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Град Скопје “.

Број - __________
___ јули 2024 година
Скопје

Совет на Град Скопје
Претседател,
Трајко Славевски с.р.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 59 став 12 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), одобрение за градење не може да се издаде ако не е платен надоместокот за уредување на градежно земјиште освен ако инвеститорот и општината склучат договор за плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште на рати или склучат договор со кој е утврдено дека инвеститорот ќе го уреди земјиштето на сопствен трошок или донесен е акт врз основа на кој инвеститорот е ослободен од плаќање на надоместокот.

Инвеститор за изградба на објект О.У. „Крсте Мисирков“, според ДУП за дел од У.З. Крсте Мисирков, Блок 1, со намена В1-основно образование, Г.П.1.51, на ул. „Среќко Пужалка“ б.б., КП 2117/1, КО Сингелиќ 1, во општина Гази Баба, е општина Гази Баба.

По барање број 27-8060/1 од 04.07.2024 година од страна на Општина Гази Баба, Град Скопје за да придонесе во реализацијата на проектот и изградба на истиот, оценува дека на овој начин треба да биде регулиран надоместокот за уредување на градежното земјиште наменет за Општина Гази Баба.

Со донесување на оваа Одлука, Град Скопје заради претходно направени вложувања на конкретните локации, нема обврска да учествува во уредувањето на градежното земјиште. Уредувањето на градежното земјиште ќе биде на товар на Општина Гази Баба.

Врз основ на погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за ослободување од плаќење на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на основно училиште.